Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, април 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: / E pranuar: | 30. 04. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 2519/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИКА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Павле Арсоски

Бојан Стојаноски

Бране Петрушевски

ВОВЕД

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 и 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22) се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање), промет, превоз и пренесување преку државната граница на оружје и муниција, а определено е дека одредбите на овој закон нема да се применуваат на вооружувањето и воената опрема, како и на оружјето и муницијата наменети за потребите на Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, казнено-поправните установи и другите државни органи и правни лица утврдени со посебни прописи.

Законот за оружјето ја регулира и постапката за спроведување полагање на стручен испит во постапката за издавање одобрение за набавување оружје. Изминатиот период поради неможноста за спроведување на стручниот испит се отвори прашањето за начинот на постапување, имајќи предвид дека има голем број поднесени барања од физички лица за полагање на стручен испит, кои веќе ја завршиле обуката во овластени правни лица. Имено, со оглед дека од страна на Владата на РСМ не е завршена постапката за избор на правно лице кое треба да го спроведува стручниот испит (каде треба да се спроведуваат и полагањата по други основи во надлежност на други министерства и институции), се отвори прашањето на кој начин граѓаните ќе го докажуваат исполнувањето на условот од член 9 став 1 точка 6 од Законот за оружјето – располага со техничко знаење за правилна употреба, чување и одржување на оружјето и познавање на прописите за оружје.

Со наведениот проблем на неможност на полагање стручни испити преку правно лице избрано од Владата на РСМ се соочуваат и останати министерства и институции. Така, Академијата за судии и јавни обвинители, за решавање на предметниот проблем извршила измена и дополнување на Законот за Академија за судии и јавни обвинители каде се предвидела можност за спроведување на приемниот испит во хартиена форма.

Имајќи го предвид наведеното, со предложената измена на Законот за оружјето се предвидува надлежност на Министерството за внатрешни работи за спроведување на стручниот испит во постапката за издавање одобрение за набавување оружје.

Исто така се допретцизираат одредби во законот за набавување на муниција за жлебни и нежлебни цевки за физичките, спортските и ловните лица и за концесионерите на ловишта.

Како и допретцизирање и дополнување на одредбата за ослободување од спроведување на стручниот испит на физичките лица баратели на одобрение за набавување на оружје, како што се вработените во Министерството за одбрана и Армијата, пензионираните работници од Министерството за одбрана и Армијата, поранешни професионални војници на Армијата и граѓани кои отслужиле воен рок.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето се заснова врз истите цели и начела врз кои е заснован Законот за оружјето. Со предложените законски решенија се очекува да се надмине проблемот со неможноста за

полагање на стручниот испит во постапката за издавање одобрение за набавување оружје.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон нема да предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно со член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО

Член 1

Во Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 158/11, 119/13, 138/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16 и 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/22), во членот 3 по изразот за: „“Оптички нишан““ се додава нов израз кој гласи:

„ “Модератор за звук“ е посебна опрема за оружје наменета да го намали звукот, која се употребува на ловечко или спортско оружје при учество на лов или стрелаштво, а се набавува и поседува од страна на физичко лице кое е активен член на ловечко или стрелачко друштво без издадено одобрение за набавување на оружје;“.

Член 2

Во член 4 став 2 по зборот „нишан“ се додаваат зборовите: „и модератор за звук“.

Член 3

Во член 5 став 1 зборовите: „и муниција“ се бришат.

Член 4

Членот 7 се менува и гласи:

„Оружје од категориите Б и Ц од овој закон може да се набавува врз основа на одобрение на Министерството за внатрешни работи, според живеалиштето на лицето, или престојувалиштето на странецот во Република Северна Македонија, односно според седиштето на правното лице, подносител на барањето (во натамошниот текст: надлежен орган).

Главни делови за оружје можат да се набавуваат врз основа на одобрение или потврда за пријавено оружје од Д категорија и тоа според видот на оружјето за кое е издадена дозволата за оружје или потврдата за пријавено оружје од Д категорија.

Муниција за оружје од Д категорија се набавување врз основа на потврда за пријавено оружје од Д категорија издадена за тоа оружје.

Муниција за оружје со жлебни и нежлебени цевки се набавува врз основа на издадената дозвола за тоа оружје.

Одобрението за набавување на оружје и одобрението за набавување на делови на оружје важи шест месеци од денот на издавањето на одобрението.

Физичко лице може да набавува и поседува муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 500 куршуми, освен ако докаже дека постојат оправдани причини за набавување и поседување на поголема количина на муниција од пропишаната, односно ако докаже дека учествува во лов, стрелаштво или слично.

Физичкото лице може да набавува и поседува муниција за оружје со нежлебени цевки и пневматско оружје без ограничување на количината на муницијата.

Правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги или приватно обезбедување за сопствени потреби можат да поседуваат муниција за оружје најмногу до 50 куршума за секое оружје наведено во дозволата за поседување на оружјето.

Корисниците на дивечот на ловишта можат да набавуваат и поседуваат муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 500 куршуми за секое оружје наведено во дозволата за поседување на оружјето, а наменето за лов, освен ако се докаже дека постојат

оправдани причини за набавување и поседување на поголема количина на муниција од пропишаната, односно ако согласно со евиденцијата на корисниците на дивечот на ловиштата докажат дека поседува помала количина на муниција од пропишаната.“.

Член 5

Во член 14 став 7 зборовите: „припадниците на вооружените сили“ се заменуваат со зборовитете: „вработените во Министерството за одбрана и Армијата“, а по зборовите: „пензионираните работници од Министерството за внатрешни работи“ се додаваат зборовите: „ ,Министерството за одбрана и Армијата, поранешни професионални војници на Армијата, граѓани кои отслужиле воен рок,“.

Член 6

Во член 14-б став 1 зборовите: „овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“

Член 7

Во член 14-д став 5 зборовите: „Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Член 8

Во член 14-ж став 3 зборовите: „овластеното правно лице“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Член 9

Во член 14-з став 2 зборовите: „овластеното правно лице“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи“.

Член 10

Во член 80 став 1 точката 3) зборот „став 5“ се заменува со зборот „став 6“.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 во член 3 се додава нов израз "Модератор за звук".

Со членот 2 ќе се дозволи "модератор за звук" за ловечко и спортско оружје.

Со членовите 3 и 4 се олеснува постапката за набавување на муниција за физичките, спортските и ловните лица и за концесионерите на ловишта.

Со член 5 се допретцизира одредбата на ставот 7 од член 14.

Со членовите 6, 7, 8 и 9 надминување на проблемот, односно неможноста за спроведување на стручните испити во постапката за издавање одобрение за набавување оружје, регулирано со Законот за оружјето, се предлага интервенција во Законот за оружјето. Имено, се предвидува надлежност на Министерството за внатрешни работи за спроведување на стручниот испит во постапката за издавање одобрение за набавување оружје. Со предметната измена ќе се овозможи надминување на проблемот со кој во изминатиот период се соочуваме, односно неможноста за спроведување на стручниот испит согласно одредбите од Законот за оружјето, односно преку овластено правно лице за спроведување стручни испити.

Со членот10 се врши усогласување на изменетите одреби.

Со членот 11 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и прават една правна целина.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со усвојување на предложените решенија ќе се предвиди надлежност на Министерството за внатрешни работи за спроведување на стручниот испит во постапката за издавање одобрение за набавување оружје.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

„Огнено оружје“ е секое преносливо оружје со цевка (пушка, пиштол и револвер) кое исфрла, односно конструирано е под притисок на запално гориво да исфрли сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и секое преносливо оружје со цевка кое може да се видоизмени за да исфрли сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил. За огнено оружје, во смисла на овој закон, се смета и секој предмет кој може да се видоизмени за да исфрла сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, ако предметот по надворешниот изглед одговара на огненото оружје и поради неговата конструкција или материјалот од кој е изработен истиот може да се видоизмени;

Не се сметаат за огнено оружје, делови на огненото оружје и предмети кои исфрлаат, односно конструирани се под притисок на запално гориво да исфрлаат сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, како и делови кои можат да се видоизменат за да исфрлаат сноп од сачми, единечно зрно или друг проектил, ако:

- со техничка постапка трајно се онеспособени за употреба,

- се изработени за аларм, сигнализација, спасување на животи, убивање на животни, ловење риба со харпун или се наменети за индустриски и технички цели само ако се користат за тие цели и

- се делови на старинско оружје или реплика на старинско оружје, кое не е опфатено со категоризацијата на оружјето од членот 4 од овој закон;

„Делови на огнено оружје“ се сите главни, резервни и други делови на огненото оружје што се неопходни за неговата употреба (цевка со лежиште за куршуми, рам или сандак, механизам за затворање - затворач или навлака - лизгач, ударен механизам или затворен блок), како и опрема наменета или приспособена да го намали звукот при употребата на огненото оружје;

“Кусо огнено оружје“ е оружје чија цевка е со должина до 30 см или чија вкупна должина не е поголема од 60 см;

“Долго огнено оружје“ е оружје чија цевка е подолга од 30 см или чија вкупна должина надминува 60 см;

“Автоматско огнено оружје“ е оружје кое по секое пукање автоматски се празни и полни и кај кое со едно притискање на чкрапецот се испукуваат повеќе или сите куршуми од магацинот на оружјето; “Полуавтоматско огнено оружје“ е оружје кое по секое пукање, автоматски се празни и полни и кое може да испука само еден куршум со едно притискање на чкрапецот;

“Репетирачко огнено оружје“ е оружје кое по испукувањето се полни и празни рачно, со ставање на куршум во цевката, земен од магацинот и пренесен со помош на механизам;

“Еднострелно огнено оружје“ е оружје без магацин кое пред секое испукување се полни рачно со ставање на куршум во лежиштето на куршуми и во вдлабнатиот дел предвиден за таа цел на влезот од цевката;

“Пневматско оружје“ се сите видови пушки, пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на компримиран воздух или друг компримиран гас низ цевката исфрлаат проектили со различен облик;

“Гасно оружје“ се сите видови пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на барутни гасови или сличен гас насочено распрснуваат или исфрлаат со муниција, иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето;

Како гасно оружје, во смисла на овој закон, не се сметаат направи кои распрснуваат или исфрлаат иритирачки гас кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето, а се исклучиво наменети за самоодбрана;

“Оружје за светлосно-звучна сигнализација“ се сите видови пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на барутни или други слични гасови насочено исфрлаат светлосен проектил или предизвикуваат звучна сигнализација;

“Експлозивно оружје“ се сите видови бомби, мини, гранати и други направи кои содржат експлозивни материи или запаливи средства, кај кои поради надворешно или внатрешно дејство (тежина, удар, триење, хемиска реакција, електрична енергија и слично) се предизвикува ослободување и создавање на енергија и експлозија.

Како експлозивно оружје, во смисла на овој закон, се сметаат и делови на експлозивно оружје, запалувач и други предмети, кои се очигледно подготвени за изработка на експлозивно оружје;

“Оружје со тетива“ се лак, самострел и други направи кои под притисок на затегнатите краци на лакот, со тетива исфрлаат стрела или друг проектил;

“Ладно оружје“ се сите предмети направени за вршење напад или нанесување на телесна повреда, со употреба на физичка сила на напаѓачот, како и предмети погодни за нанесување телесна повреда кога тие се носат на јавни собири, локали и слични места;

“Електрични парализатори“ се направи создадени за вршење напад или одбрана, кои под дејство на електрицитет или висок напон, предизвикуваат електрични шокови, што го онеспособуваат лицето, врз кое е употребена направата;

“Оружје за индустриски цели“ е оружје наменето за индустриска или техничка употреба, под услов да може да се користи само за тие употреби;

“Ловечко оружје“ е огнено оружје, од Б и Ц категорија, со кое е дозволен лов согласно со прописите за ловство;

“Спортско оружје“ е огнено оружје, од Б и Ц категорија, пневматско оружје и оружје со тетива кое согласно со посебни прописи се користи во спортски дисциплини;

“Колекционерско оружје“ е оригинално оружје од Б и Ц категорија, кое е конструирано во период од 1898 до 1945 година и потекнува од значајни историски настани;

“Оружје за самозаштита“ е еднострелно, полуавтоматско или репетирачко огнено оружје од Б и Ц категорија, со калибар поголем од 5,6 милиметри, кое служи за заштита на животот на сопственикот на оружјето и за обезбедување на лица и имот;

“Старинско оружје“ е ладно оружје и огнено оружје што употребувало црн барут, конструирани пред 1898 година и кои имаат историска, антикварна, музеолошка или уметничка вредност, а кои повеќе не се во употреба и за кои има издадено потврда од страна на Националната установа Музеј на Македонија- Скопје;

“Реплика на старинско оружје“ е копија на старинско оружје (кусо или долго огнено оружје), кое се полни со црн барут од устата на цевката на оружјето и се пали со фитил, кремен или написла;

„Главни делови на огненото оружје“ се цевка со лежиште за куршуми, механизам за затворање (затворач) и рам (сандак) кои поединечно се наменети за монтирање, односно се монтираат на огненото оружје и се опфатени во категоризацијата на оружјето од членот 4 од овој закон;

“Посебна опрема за огнено оружје“ е секој механизам, што е произведен и наменет за дополнување на основниот модел на оружјето, со чија примена се зголемуваат можностите и квалитетот на употребата на оружјето, освен оптичкиот нишан;

“Оптички нишан“ е посебна опрема за оружје, која се употребува на ловечко или спортско оружје при учество на лов или стрелаштво, а се набавува и поседува од страна на физичко лице кое е активен член на ловечко или стрелачко друштво без издадено одобрение за набавување на оружје;

“Декоративно оружје“ се предмети кои се направени за декоративна намена и кои не можат да се употребат во огнено оружје;

“Оружје што е трајно онеспособено за употреба (деактивирано)“ е огнено оружје од Б, Ц и Д категорија, кое целосно ги изгубило карактеристиките на оружје, со извршување на техничка постапка врз еден од главните делови од огненото оружје, по што делот повеќе не може да се отстрани, замени или преправи, а со тоа оружјето е трајно онеспособено за натамошна негова употреба;

“Оружје што е привремено онеспособено за употреба“ е огнено оружје од Б, Ц и Д категорија, кое со извршување на техничка постапка врз еден од главните делови од огненото оружје е привремено онеспособено за функционирање;

“Имитација на оружје“ се предмети кои по надворешниот изглед наликуваат на оружје, но кои не можат да се употребат во огнено оружје;

„Муниција“ е цел патрон или негови делови (сите видови чаури, иницијални каписли, зрна и проектили) кои под дејство на запално гориво служат за полнење и дејство на огненото оружје;

“Боева муниција“ се сите видови куршуми, наполнети со проектил што има моќ да убие;

“Муниција со панцирно-пробивен проектил што пенетрира“ е муниција наменета за воена употреба, чиј проектил содржи тврдо јадро, кое има голема пробивна моќ; “Муниција со експлозивни проектили“ е муниција наменета за воена употреба, чии проектили содржат полнило што експлодира;

“Муниција со запаливи проектили“ е муниција наменета за воена употреба, чии проектили содржат хемиско соединение кое е запаливо;

“Маневарска муниција“ е муниција која содржи погонско полнење и чаура во која нема проектили;

“Муниција за зашеметување и успивање“ е муниција наменета за извршување на хумани активности, чиј проектил содржи хемиско соединение, кое предизвикува привремено успивање и онеспособување и

“Одбележувачка муниција“ е муниција наменета за воена употреба, чиј проектил содржи хемиско соединение, кое со согорување ја означува патеката на движење на проектилот;

“Муниција за гасно оружје“ е муниција која содржи хемиско полнење со иритирачки гас, кој има краткотрајно дејство на здравјето на луѓето;

“Адаптери“ се направи наменети за употреба во лов или спортско стрелаштво, кои се вметнуваат во цевката на оружјето заради промена на видот и калибарот на оружјето, со што оружјето не ја менува постојната категорија, согласно со овој закон;

„Следење на оружје“ е преземање на активности за следење на огненото оружје, негови главни делови и муниција од производителот до купувачот заради откривање, истраги и анализирање на недозволеното производство и недозволената трговија со огненото оружје;

„Посредник со оружје“ е физичко лице - трговец поединец или правно лице чија дејност се состои во целосно или делумно посредување, односно договарање при набавување, продавање или пренесување на оружје, која се разликува од активностите на трговските друштва од членот 52 став 1 од овој закон;

„Трговец со оружје“ е физичко лице - трговец поединец или правно лице кое целосно или делумно врши дејност производство на огнено оружје, главни делови на огненото оружје или муницијата или врши други работи поврзани со производството на огненото оружје, главните делови на оружјето или муницијата, како и врши дејност промет, поправање, разменување или изнајмување на огнено оружје, делови на огнено оружје и муниција, односно трговските друштва од членовите 35-а став 3, 46 став 1, 52 став 1 и 59 став 3 од овој закон и

„Европска дозвола за огнено оружје е исправа со која се докажува сопственоста и правото на користење на огненото оружје од страна на имателот на дозволата, која не се пренесува на друго лице и се носи од страна на имателот за цело време на користењето на оружјето.

Член 4

Оружјето, во смисла на овој закон, се категоризира во следниве категории:

Категорија А-оружје чие набавување е забрането:

1) експлозивни воени ракети и системи за лансирање;

2) автоматско огнено оружје;

3) огнено оружје маскирано во форма на друг предмет;

4) муниција со панцирно-пробивен проектил што пенетрира, муниција со експлозивни проектили, муниција со запаливи проектили и проектили за таа муниција;

5) муниција за пиштоли и револвери со проектили со експандирачко дејство и проектили за оваа муниција, освен муницијата која се користи за ловечко или спортско оружје;

6) огнено оружје со вграден пригушувач;

7) огнено оружје со жлебени цевки со калибар над 12, 7 милиметри;

8) експлозивно оружје и негови делови;

9) гасно оружје и муниција за гасно оружје;

10) посебна опрема за огнено оружје;

11) електрични парализатори;

12) одбележувачка муниција;

13) огнено оружје направено од главни делови на огненото оружје кои се набавени со недозволен промет;

14) произведено ново огнено оружје кое не е означено согласно со прописите за испитување и жигосување, односно обележување и

15) преправено, односно видоизменето оружје.

За забрането огнено оружје, во смисла на ставот 2 од овој член, нема да се смета ловечко и спортско оружје опремено со оптички нишан.

Категорија Б-оружје што може да се набавува врз основа на одобрение:

1) полуавтоматско или репетирачко кусо огнено оружје;

2) еднострелно кусо огнено оружје, со централно палење;

3) еднострелно кусо огнено оружје, со рабно палење со вкупна должина помала од 28 см;

4) полуавтоматско долго огнено оружје, со магацин и лежиште на куршуми кои можат да примат повеќе од три куршума;

5) полуавтоматско долго огнено оружје, со магацин и лежиште на куршуми, кои можат да примат до три куршуми и чиј полнач се менува, односно ова оружје може да се преправи, со помош на вообичаен алат, по што магацинот и лежиштето на куршумите можат да примат повеќе од три куршуми;

6) репетирачко и полуавтоматско долго огнено оружје, со нежлебена цевка со должина до 60 см и

7) полуавтоматско долго огнено оружје, за цивилна намена, што наликува на автоматското огнено оружје.

Категорија Ц-оружје што може да се набавува врз основа на одобрение издадено под олеснителни услови:

1) репетирачко долго огнено оружје, што не е опфатено со точката 6 од категоријата Б;

2) еднострелно долго огнено оружје со жлебена цевка;

3) полуавтоматско долго огнено оружје, што не е опфатено со точките 4, 5, 6 и 7 од категоријата Б;

4) еднострелно кусо огнено оружје со рабно палење со вкупна должина поголема или еднаква на 28 см;

5) еднострелно долго огнено оружје со нежлебени цевки;

6) адаптери;

7) еднострелно долго огнено оружје со комбинирани цевки;

8) оружје за светлосно-звучна сигнализација и 9) оружје со тетива и

10) оружје (кусо или долго огнено оружје), кое се полни со црн барут од устата на цевката на оружјето и се пали со фитил, кремен или каписла.

Категорија Д-оружје што е потребно да се пријави и за кое се издава потврда:

1) пневматско оружје;

2) ладно оружје;

3) пеинт бол (Paint ball) и

4) аирсофт (Airsoft).

Член 5

Оружје и муниција може да се набавува само врз основа на одобрение издадено од Министерството за внатрешни работи, согласно со категоризацијата на оружјето од членот 4 на овој закон, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

Одобрението од ставот 1 на овој член се издава за секое поединечно набавување на оружје во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето.

Член 7

Оружје од категориите Б и Ц од овој закон може да се набавува врз основа на одобрение на Министерството за внатрешни работи, според живеалиштето на лицето, или престојувалиштето на странецот во Република Северна Македонија, односно според седиштето на правното лице, подносител на барањето (во натамошниот текст: надлежен орган).

Главни делови за оружје можат да се набавуваат врз основа на одобрение или потврда за пријавено оружје од Д категорија и тоа според видот на оружјето за кое е издадена дозволата за оружје или потврдата за пријавено оружје од Д категорија.

Муниција за оружје со жлебени цевки се набавува врз основа на одобрение за набавување на муниција или врз основа на потврда за пријавено оружје од Д категорија издадена за тоа оружје.

Муниција за оружје со нежлебени цевки се набавува врз основа на издадената дозвола за тоа оружје.

Одобрението за набавување на оружје, одобрението за набавување на делови на оружје и одобрението за набавување на муниција важи шест месеци од денот на издавањето на одобрението.

Физичко лице може да набавува и поседува муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 200 куршуми во текот на календарската година, освен ако докаже дека постојат оправдани причини за набавување и поседување на поголема количина на муниција од пропишаната во текот на календарската година, односно ако докаже дека учествува во лов, стрелаштво или слично.

Физичкото лице може да набавува и поседува муниција за оружје со нежлебени цевки и пневматско оружје без ограничување на количината на муницијата.

Правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги или приватно обезбедување за сопствени потреби можат да поседуваат муниција за оружје најмногу до 50 куршума за секое оружје наведено во дозволата за поседување на оружјето.

Корисниците на дивечот на ловишта можат да набавуваат и поседуваат муниција за оружје со жлебени цевки најмногу до 200 куршуми во текот на календарската година за секое оружје наведено во дозволата за поседување на оружјето, а наменето за лов, освен ако се докаже дека постојат оправдани причини за набавување и поседување на поголема количина на муниција од пропишаната во текот на календарската година, односно ако согласно со евиденцијата на корисниците на дивечот на ловиштата докажат дека поседува помала количина на муниција од пропишаната.

Член 14

Исполнетоста на условот од членот 9 став 1 точка 6 од овој закон се проверува со полагање на стручен испит.

Пред спроведување на стручниот испит од ставот 1 на овој член физичките лица баратели на одобрение за набавување на оружје практично се оспособуваат за ракување со оружјето.

Практичното оспособување за ракување со оружје го врши овластено правно лице.

Овластувањето од ставот 3 на овој член со решение го издава Министерството за внатрешни работи, на правно лице кое има добиено одобрение за основање на цивилно стрелиште, во рок од шест месеци од денот на поднесување на барањето.

Против решението со кое се одбива барањето за издавање овластување подносителот на барањето има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во натамошниот текст: Комисијата), во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

За спроведеното практично оспособување за ракување со оружје, овластеното правно лице е должно да издаде посебна потврда.

Одредбата од ставот 2 на овој член не се однесува на припадниците на вооружените сили, вработените во Министерството за внатрешни работи, пензионираните работници од Министерството за внатрешни работи, службата за обезбедување на казнено–поправните установи и други работници на државни органи кои со посебни прописи се овластени или биле овластени да носат таков вид на оружје.

Одредбата од ставот 2 на овој член не се однесува и на припадниците на резервниот состав на полицијата, кои најмалку три години ги извршувале полициските работи.

Практичното оспособување за ракување со оружје во овластеното правно лице го вршат предавачи и инструктори кои имаат завршено високо образование, како и помошници инструктори кои имаат завршено најмалку средно образование.

Инструкторите и помошниците инструктори од ставот 6 на овој член ги исполнуваат условите од членот 9 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 6 и 7 од овој закон.

Министерот за внатрешни работи донесува подзаконски прописи за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите за практично оспособување за ракување со оружје на правните лица, како и за Програмата за оспособување за правилна употреба, чување и одржување на оружјето, начинот на спроведување на практичното оспособување за ракување со оружје, како и начинот на спроведувањето на стручниот испит за проверка на техничкото знаење за правилна употреба на оружјето и познавањето на прописите за оружје.

Член 14-б

По практичното оспособување за ракување со оружје се полага стручен испит кој се спроведува во просториите на овластеното правно лице кое технички го спроведува стручниот испит.

Стручниот испит се полага пред комисии формирани од министерот за внатрешни работи.

Комисиите се составени од претседател, двајца членови и нивни заменици.

Претседателот и неговиот заменик се претставници од Министерството за внатрешни работи, вториот член на комисијата и неговиот заменик се претставници од овластеното правно лице во кое се спровело практичното оспособување, третиот член на комисијата и неговиот заменик се информатичари од овластеното правно лице.

На претседателот, членовите и нивните заменици во комисијата од ставот 2 на овој член, за секој спроведен стручен испит им следува паричен надоместок во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија, кои се надоместуваат од овластеното правно лице. Надоместокот на годишно ниво не смее да го надмине износот од три просечни нето плати исплатени во Република Северна Македонија за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика.

Трошоците за практично оспособување и спроведување на испитот ги сноси кандидатот.

Член 14-д

Стручниот испит се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

Кандидатот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на стручниот испит, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за внатрешни работи и Јавниот радиодифузен сервис.

Полагањето на стручниот испит се снима и во живо се емитува на веб страницата на Министерството за внатрешни работи, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот стручен испит се поставува на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручниот испит ги пропишува министерот за внатрешни работи.

Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на стручниот испит.

Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на стручниот испит, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

АЕК во просторијата за полагање на стручниот испит инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

АЕК формира комисија составена од три члена, која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за внатрешни работи најдоцна во рок од 15 дена од спроведување на стручниот испит.

Член 14-ж

Полагањето на теоретскиот дел од стручниот испит се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер, согласно со упатството за начинот на решавање на истиот, за кое претседателот на комисијата од членот 14-б став 2 од овој закон дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

Прашањата содржани во тестовите за полагање на теоретскиот дел и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за полагање на стручниот испит, кој го воспоставува и одржува овластеното правно лице.

Електронскиот систем од ставот 3 на овој член содржи и достапна база од најмалку 300 прашања од областа на предметите од членот 14-в став 2 од овој закон.

Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за испитот за повеќе од еден кандидат.

Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и правната литература во кои се содржани одговорите на прашањата.

Резултатите од полагањето на стручниот испит му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од тестот за полагање на стручниот испитот, изнесува 30 минути за секој од предметите од членот 14-в став 2 од овој закон.

Член 14-з

Тестовите се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на стручниот испит.

Материјалите и снимките од одржаните стручни испити се чуваат во овластеното правно лице.

За ревизија на спроведените стручни испити, министерот за внатрешни работи формира посебна комисија.

Комисијата од ставот 3 на овој член е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици.

Комисијата од ставот 3 на овој член ги користи материјалите и снимките од ставот 2 на овој член.

Комисијата од ставот 3 на овој член се состанува по секој одржан стручен испит и врши ревизија на начинот на спроведување на стручниот испит, за што доставува извештај до министерот за внатрешни работи.

На претседателот, членовите и нивните заменици во комисијата од ставот 3 на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Северна Македонија, за што Министерството за внатрешни работи донесува решение.

Член 80

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице кое:

1) набавува, поседува, произведува, поправа, онеспособува, продава, разменува, пренесува или даде на друг, оружје, делови на оружје и електрични парализатори од членот 4 став 2 на овој закон, освен огненото оружје и муницијата од членот 4 став 2 на овој закон;

2) набавува делови за оружје на начин спротивен на одредбите на членот 7 став 2 од овој закон;

3) поседува муниција во количина поголема од утврдената во членот 7 став 5 на овој закон;

4) носи и употребува оружје за кое му е издадена потврда за поседување на оружје согласно со членот 21 став 4 на овој закон;

5) го носи оружјето на начин спротивен на одредбите на членот 24 од овој закон;

6) набавува колекционерско оружје на начин спротивен на одредбите на членот 26-а на овој закон;

7) поседува оружје од Д категорија за кое не е издадена потврда од надлежниот орган (член 27 став 2);

8) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 28 од овој закон;

9) ги брише или оштетува ознаките што се втиснати на оружјето (член 28 став 2);

10) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 29 од овој закон;

11) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 30 од овој закон;

12) постапува на начин спротивен на одредбите на членот 31 од овој закон;

13) чува оружје на начин спротивен на одредбите на членот 33 од овој закон;

14) постапува спротивно на одредбите на членот 51-а од овој закон и

15) нема да го изнесе оружјето надвор од границите на Република Северна Македонија, при првото напуштање на територијата на државата (член 62 став 3).

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на оружјето и муницијата.